## ЗАКЛУЧОЦИ

**усвоени на 9-та седница на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) одржана на 29 јуни 2015 година**

**<u>Ел Масри v. РМ (А. бр. 39630/09) од 13 декември 2012</u>**

1. Им се препорачува на членовите на Меѓуресорската Комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП преку Министерство за правда -Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП во рок од 30 дена да достават предлози за преземање на понатамошни чекори за адресирање на проблемите наведени во пресудата Ел Масри, а согласно заклучоците на 1230-та сесија на Комитетот на Министри и дописот од Постојаната мисија на РМ при Советот на Европа во Стразбур, доставени на сите членови на 9-тата седница.

2. Му се препорачува на Министерството за надворешни работи да ја разгледа можноста за јавно извинување на г-динот Ел Масри во име на државата за повредите на неговите права кои што се утврдени во пресудата од ЕСЧП.

**<u>Китановски v. РМ (А.бр. 15191/12) од 22 јануари 2015</u>**

1. Му се препорачува на Основниот суд Скопје 1 Скопје во рок од 15 дена преку Министерство за правда - Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП да ја информира Меѓуресорската Комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП дали жалителот Александар Китановски поднел супсидијарен обвинителен акт против овластените службени лица и , за сторени кривични дела Предизвикување општа опасност од член 288 ст.1 од КЗ, Мачење и друго сурово, нечовечко или понижувачко постапување и казнување од член 142 ст.1 од КЗ и Малтретирање во вршење на службата од член 143 ст.1 од КЗ и доколку е поднесен во која фаза се наоѓа постапката.

2. Се задолжува Бирото во рок од 8 дена по добивањето на информацијата од Основниот суд Скопје 1 Скопје да го извести за тоа Основното јавно обвинителство Скопје.

3. Доколку е поднесен супсидијарен обвинителен акт од страна на жалителот Александар Китановски против овластените службени лица , , и , за сторени кривични дела Предизвикување општа опасност од член 288 ст.1 од КЗ, Мачење и друго сурово, нечовечко или понижувачко постапување и казнување од член 142 ст.1 од КЗ и Малтретирање во вршење на службата од член 143 ст.1 од КЗ Меѓуресорската Комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП препорачува Основниот јавен обвинител да ја разгледа можноста за вклучување во постапката по супсидијарниот обвинителен акт.

**<u>Наумоски v. РМ (А. бр. 25248/05) од 27 ноември 2012, ревидирана на 5 декември 2013</u>**

1. Му се препорачува на Апелациониот суд Скопје во рок од 15 дена преку Министерство за правда - Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП да ја информира Меѓуресорската Комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП за тоа во која фаза на одлучување се наоѓа предметот XIII. П.бр. 893/01 (стар број), односно П.бр.210/2008 (нов број) пред Апелациониот суд Скопје.

2. Му се препорачува на Апелациониот суд Скопје при одлучувањето по поднесената жалба од страна на апликантот Велко Наумоски против Решението V. РО.бр.612/14 на Основен суд Скопје II Скопје од 14.07.2014 година со кое се одбива неговиот предлог за повторување на постапката по предметот XIII. П.бр.893/01 (нов број 210/2008) по донесена пресуда од ЕСЧП да ги има во предвид принципите и праксата на ЕСЧП.

3. Се препорачува Академијата за судии и јавни обвинители во рок од 15 дена преку Министерство за правда - Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП да ја информира Меѓуресорската Комисија за можноста од организирање на едно или повеќе тематски советувања наменети за судии од апелационите судови на кои би се потенцирала потребата од повторување на домашните кривични, парнични и управни постапки по добиени пресуди од ЕСЧП во кои е констатирана повреда, а во согласност со стандардите, принципите и праксата на ЕСЧП, како и барањата на Комитетот на Министри во делот на извршување на пресудите на ЕСЧП.

**<u>Фетаовски v. РМ (А. бр. 10649/03) од 19 јуни 2008</u>**

И во однос на овој предмет да се примени препораката под број 3 која се однесува на предметот *Наумоски v. РМ*.

**<u>Митови v. РМ (А. бр. 53565/13) од 16 април 2015</u>**

1. Му се препорачува на Министерството за труд и социјална политика во светло на пресудата Митови против РМ, да ја разгледа можноста за измени во легислативата во насока на воспоставување на ефикасен правен механизам за промптно присилно извршување на решенијата за видување на Центарот за социјални работи, како и подобрување на ефикасноста на правниот лек против истите решенија и преку Министерство за правда - Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП во рок од 60 дена да ја извести Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП за преземените чекори.

2. Му се препорачува на Министерството за труд и социјална политика да преземе соодветни индивидуални мерки во насока на извршување на пресудата во која како апликанти се јавуваат Марјан Митов, Цвета Митова и Денчо Митов во смисла на отстранување на повредите на правата на жалителите утврдени од страна на ЕСЧП, преку преземање на сите неопходни чекори во најдобар интерес на малолетното дете заради овозможување контакти на жалителите (таткото, бабата и дедото) со детето и доследно извршување на решенијата на Центарот за социјални работи во конкретниот случај и преку Министерството за правда - Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП да ја извести за тоа Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП во рок од 60 дена.

**Стојановски и други v. РМ (А. бр.14174/09) од 23 октомври 2014**

1. Се препорачува Комисијата за одлучување по барањата за денационализација надлежна за Општина Кисела Вода. согласно заклучокот на Владата на РМ од 10.03.2015 и дописот на Општина Кисела Вода од 27.05.2015, да ја разгледа можноста и условите за повторување на постапката за денационализација на жалителите заради доделување како надомест на едно од трите предложени земјишта (КП 2943/1, КП 2940/1 и КП 2943/6) од страна на Општина Кисела Вода, при што приоритет да се даде на можноста за доделување на веќе одземената градежна парцела КП 2943/6 која била предмет на барањето за денационализација и преку Министерството за правда - Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП во рок од 15 дена да ја извести Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП.

В.Д. Директор на Бирото за
застапување на РМ пред ЕСЧП – Владин агент
м-р Костадин Богданов

Министер за правда.
d-r Adnan Jashari

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
СКОПЈЕ